Врз основа на член 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки /„Службен весник на РМ„ бр. 136/07 и член 36 од Статутот на Општината Центар – Скопје/„Службен гласник на Општина Центар„ бр. 1/06/, градоначалникот на Општина Центар, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на најповолна понуда во постапката за набавка на идејно решение со преговарање**

1. За најповолна понуда за изработка на идеен проект и модел на скулптура на Васил Чакаларов се избира понудата на Дарко и Елена Дуковски од Скопје, доставена под број 20-3949/5 од 12.10.2011 година во износ од 120.000,00 евра.
2. Со носителот на набавката од точка 1 на ова решение ќе се потпише договор согласно доставената понуда и во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Одлуката за подигање спомен обележје на Васил Чакаларов на Советот на Општината Центар број 07-2478/6 од 17.06.2011 година, Одборот за подигање на спомен обележје на Васил Чакаларов објави конкурс и спроведе постапка за изработка на идејно решение за подигање спомен обележје - скулптура на Васил Чакаларов и првата награда ја додели на конкурсниот труд на авторите Дарко и Елена Дуковски од Скопје.

Бидејќи според законот Авторот има исклучиво авторско материјално право за разработка на авторското дело - идејно решение за изработка на спомен-обележје на Васил Чакаларов, Градоначалникот на Општина Центар согласно член 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, донесе Решение бр.08-3949/1 од 27.09.2011 година со наведениот автор да спроведе постапка за набавка со преговарање без објавување на јавен оглас на услуга, според првонаградениот конкурсен труд.

Во постапка за набавка со преговарање, со цел да се постигне економски најприфатлива цена, Комисијата за јавни набавки заедно со надворешните стручни лица, прибави 2 (две) сукцесивни понуди со кои понудувачите побара надоместок во износ од 140.000,00 Евра, а потоа како конечна понуда по спроведените преговори дадена е понудата од 120.000,00 Евра. Врз основа на преговорите со понудувачите, изготвен е извештај на надворешните стручни лица и на Комисијата за јавни набавки со кои, за најповолна понуда за доделување на договор за јавната набавка е оценета понудата на авторите Дарко и Елена Дуковски од Скопје, во износ од 120.000,00 евра во денарска противвредност.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Бр. 08-3949/8**
**18.10. 2011 г.**
**С к о п ј е**

**Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К**
**Владимир Тодоровиќ**

Изготвил: В. Узуновски
Контролирал: Р. Савовски